СТРАТЕГИЈА ЗА ДОВЕРЛИВОСТ

Потребата од изградување посебна Стратегија за доверливост произлегува од карактерот на податоците со кои располага Македонското кредитно биро, кој наложува одржување и високи етички стандарди во работењето. Нејзиното спроведување бара соодветно ниво на услуги, со кои се овозможува квалитет, заштита и тајност на податоците, а со кои се задоволни корисниците на услугите и обезбедуваат непречен и успешен развој на Македонското кредитно биро.

Стратегијата обезбедува:

- **воспоставување стандарди** за доверливост, точност и релевантност на податоците и нивна примена при извршување на работите од делокругот на работењето;
- **донесување и примена** на документација за технички, организациски и административни мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци соодветно на природата на податоците кои се обработуваат и ризикот при нивната обработка, при што, техничките и организациските мерки се класифицираат во три нивоа и тоа основно, средно и високо;
- **физичка сигурност** на информацискиот систем;
- **обука на вработените** за соодветно постапување и јакнење на знаењето, вештините и стручната оспособеност.

Стратегијата гарантира:

- **постапување** како со деловна тајна на сите податоците и извештаи за поединечни лица кои се стекнати при вршење на било кои активности;
- **забрана** за понатамошна дистрибуција на податоците освен во случаи предвидени со закон;
- **забрана** за неовластено откривање на податоци и извештаи за поединечни лица, како и новластена обработување на личните податоци за субјектите на податоци;
- **усогласеност** со законските барања во делот на заштитата на личните податоци;
- **вршење** внатрешна и надворешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура;
- **пренос** (прием и испраќање) на лични податоци преку телекомуникациска мрежа само ако тие се криптирани (со хардверски или софтверски уред) и се електронски потпишани со електронски сертификат на овластен издавач на сертификати.
- **водење на:**
  - Каталог на информатички решенија;
  - Книга на инциденти поврзани со заштита на лични податоци;
  - постапки за идентификација и проверка на авторизиран пристап;
  - евиденција на секој авторизиран пристап и надворешен обид за пристап во оперативните функции или личните податоци без потребното ниво на авторизација;
  - правила и постапки за користење на медиуми за пренос на податоци;
  - правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување.

Имплементација

Имплементацијата се обезбедува со доследна примена на поставените стандарди и правила во врска со доверливоста, точноста, релевантноста и користењето на податоците во интерните акти за работење и документацијата за техничките, организациските и административните мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Македонското кредитно биро, усвоени од Одборот на директори на Македонското кредитно биро, по претходно добиена согласност од Дирекцијата за заштита на личните податоци, во делот кој се однесува на заштитата на личните податоци.

Во имплементацијата се вклучени сите вработени во Македонското кредитно биро кои се должни да ги применуваат и да постапуваат согласно правилата и документацијата на Македонското кредитно биро и за кои се предвидуваат обврски и одговорности при пристапот до личните податоци и до информацискиот систем.

Главен извршен директор
Славица Богоева